# IMPORTANCE OF HISTORICAL AND LEGAL SCIENCE IN THE DEVELOPMENT OF STATE

**Dimitar Spaseski**
Municipality of Ohrid, Macedonia, spaseskidimitar@yahoo.com

**Abstract:** The state is subject of interest to several sciences: history, sociology, philosophy, political and legal sciences. Frequently asked question is "whether the process of creating the state is a legal, historical or factual matter?" There is no procedure or rule for establishing the state, and no institution is established that will take care whether the states have been created according to certain rules.
But connection between the state and the law certainly exists because the state is genetically and functionally related to the law and the law is connected with the state. The existence of the state is impossible without law. The law would also be insignificant and impossible without the state, because the law has a place and significance only in the society of the state organization and its action is unthinkable without the state.
Historical science enables the observation of all aspects of the state. Its ups and downs, battles and events are subject of historical science that chronologically arranges them and takes care all the facts to be recorded and be available for the new generations.However, in the end, the conclusion is that the process of creation of the state is essentially a factual matter, because it is only important that the state exists, but the way in which that result is reached is quite secondary.Historical science has a particular difficulty to define „how was the state created?". The direction that the state originated from the tribe cannot be taken as credible because the tribes did not unite, but over the years they were divided and separated into several smaller groups that cannot be taken for the establish of the state. In another direction for the creation of the state, it become as a product of the war. But during the war, more tribes were mixed up and thus created an unnatural community that cannot be the basis of the development of the state. At the end of course the most logical conclusion is that the state was created as a product of the will of those who created it and its citizens. The connection between science and the state is a connection that begins immediately after the establishment of the state, because the law is the basic molecule in the development of the state. There is almost no prominent philosopher who did not articulate the development or analysis of legal phenomena. This means that law and justice have always been associated with the state and they were discussed together with universal philosophical themes: cosmos, nature, matter, life, man and his community. Historical science and legal science are grounded in the development of the state.
**Keywords:** state, law, science, history;

# ЗНАЧЕЊЕТО НА ИСТОРИСКАТА И ПРАВНАТА НАУКА ВО РАЗВОЈОТ НА ДРЖАВАТА

**Димитар Спасески**
Општина Охрид, spaseskidimitar@yahoo.com

**Резиме:** Државата е предмет на интерес на неколку науки и тоа: историја, социологија, филозофија, политички и правни науки. Често пати се поставува прашањето дали процесот на раѓање на државата е правно, историско или фактичко прашање? За начинот на настанување на државата не е пропишана некаква процедура или правило ниту е воспоставена некаква институција која ќе внимава дали државите настанале согласно определени правила. Но врската помеѓу државата и правото секако дека постои бидејќи државата е генетски и функционално поврзана со закон а законот е поврзан со државата. Постоењето на државата е невозможно без право. Правото пак исто така би било безначајно и невозможно без државата, бидејќи законот има место и значење само во општеството на државната организација и неговото дејствување е незамисливо без државата. Историската наука пак овозможува бележење на сите аспекти на државата. Нејзините подеми и падови, битки и состојби се предмет на историската наука која хронолошки подредени се грижи сите факти да бидат запишани и потоа достапни за новите генерации. Сепак на крајот следува заклучокот дека процесот на раѓање на државата во суштина е фактичко прашање затоа што единствено е важно дека државата постои но по кој пат се дошло до тој резултат е сосема споредно. Историската наука има особена тешкотија да дефинира како настанала државата. Правецот дека државата настанала од племето не може да се земе како веродостоен од причина што племињата не се одбединувале туку со текот на годиние се разединувале и се делеле на повеќе помали групи што никако не може да се земе за зачеток на државата.Вториот правец кој се развива во однос на настанувањето на државата е дека државата настанала како продукт на војната. Но кога има војна доаѓа до мешање односно спојување на повеќе племиња и притоа настанува неприродна

заедница што не може да биде основа на развојот на државата. На крајот секако најлогичен е заклучокот дека државата настанала единствено и само како производ на волјата на оние кои ја создале а тоа се нејзините граѓани. Поврзаноста помеѓу науката и државата е врска која започнува веднаш по формирањето на државата, од причина што законот е основниот молекул во развојот на државата. Скоро и да нема позначаен филозоф кој не искажал разработка или анализа на правните феномени. Тоа значи дека правото и правдата отсекогаш се поврзувале со државата и како прашања се расправале заедно со универзалните филозофски теми: космосот, природата, материјата, животот, човекот и неговата заедница. Историската наука и правната наука се основа во развојот на државата.
**Клучни зборови:** држава, право, наука, историја;

## 1. ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ: НАУКАТА ЗА ИСТОРИЈАТА НА ПРАВОТО И ДРЖАВАТА

Општата правна историја е историска дисциплина која се занимава со проучување на општите законитости во развитокот на државата и правото. И тоа од најстари времиња до денес. Токму оваа наука за свој предмет на проучување ги има историските аспекти на државата и правото.
Почетоците на врската помеѓу државата и правото се согледуваат уште во првобитната заедница чија основна карактеристика секако дека е непостоење на државна власт и правен систем. Животните услови во првобитната заедница природно налагале да дојде до поделба меѓу мажите и жените. Жените повеќе биле насочени кон семејството и домот а додека пак мажите ја имале улогата да одат на лов и најважно од се да го прехранат сопственото семејство. Првата општествено политичка организација претставува родот. Родот во себе вклучува група на сродници кои водат потекло од ист пра татко а дополнителна каратеристика е тоа што имаат заеднички култови и обичаи. Во родот се јавуваат и првите облици на организирање на власта. Тогаш се појавува и потребата од воспоставување на правото како правило по кое ќе се врши изборот на родовски старешина. По оваа фаза следува нова фаза на општествено организирање – племе. Со племето раководи племенски старешина. На тој начин се воспоставува идната власт на државата а племеските старешини преминуваат во нови облици на владетели кои низ текот на годините добивале разни називи.
Првите облици на правото се наоѓаат во обичаите. Тоа биле првите непишани правила кои ги регулирале односите внатре во групата односно во племето. Овие правила се пренесувале од генерација на генерација на тој начин постанувајќи пракса во однесувањето на определена група односно племе. Согласно овие правила бил воспоставен и првиот систем на санкционирање за оние кои ги прекршувале правилата што полека почнало да го навестува воспоставувањето на правниот систем. Историската наука овој период на воспоставување на правниот систем го познава под терминот примитивно право. Со овој термин превктично се карактеризира правниот систем во Стариот век односно во периодот до развојот на државата во вистинска смисла на зборот.

## 2. ПРАВОТО И ДРЖАВАТА ВО СТАРИОТ ВЕК

Правото и државата го продолжиле својот пат на еволуцијата притоа секогаш задржувајќи ја силната меѓусебна поврзаност. Историската наука го бележи тој пат на правото и државата. Според историските податоци првиот облик на држава во која се практикува правото се наоѓа во Месопотамија во цивилизациите на старите Сумер и Акад. Сето ова е предвесник на раѓањето на клинописното право. Според научните сознанија редоследот на настанувањето на клинописните законски текстови оди вака:

1. Ур-Наму законикот донесен е околу 2100 г. пред нашата ера;
2. Законикот Липит-Иштар настанал околу 1930 г. пред нашата ера;
3. Ешнунскиот законик потекнува од времето околу 1720 г, пред нашата ера;
4. И веројатно најпознатиот законик од тој период Хамурабиевиот е донесен некаде во 1680 г. пред нашата ера;
5. Подоцна се воспоставува и хетитскиот законик кој претставува некаква поблага форма на Хамурабиевиот законик;

Вавилонското царство во однос на државата и правото во многу нешта претставува продолжение на државата на Сумерите и Акадците. Процут државата и правото доживуваат во времето на владетелот Хамураби кој владеел нешто повеќе од 40 години.
Секако овде треба да се одбележи и најважнот правен текст во Стариот исток а тоа е Хамурабиевиот законик. Овој документ составен од вавилонскиот владетел Хамураби дефинитивно е најзначајниот правен споменик на стариот век во целина. Хамурабиевиот законик првпат ја дефинира сопственоста како клучен институт на правото. Овој законик во себе ги вклучува и: купопродажбата, закупот, договорот за личен заем, брачното и семејното право, наследното право, кривичното право како и воспоставување на судови и судење согласно Хамурабиевиот законик.
Следна етапа од развојот на државата и правото претставува правниот систем на Египет. Карактеристично е што во Египет во сите периоди со минимални отстапување бил воведен силен

централизиран и бирократски државен апарат на чело со Фараон. Во примена било Египетско право кое го карактеризира конзервативност и статичност исто како и египетската држава. Се развива многу бавно и е на многу пониски основи од вавилонското право.

Стара Грција заедно со Рим секако дека претставува еден од најважните центри на античкиот свет. Формирана е од бројни градови држави кои имаат сопстено државно- правно уредување. Спарта била една од најмоќните и најстарите грчки држави. Нејзина најзначајна карактеристика е спартанското право. За спартанскиот правен систем кој важел за многу строг правен систем главните заслуги и има Ликург кој е создател и на самата држава Спарта. Следен значаен правен документ кој произлегува од стара Грција е т.н. Гортински законик.

Обележје на стара Грција претставува градот држава Атина и Атинското право. Атинското право содржело: граѓанско право, облигационо право, семејно и брачно право, кривично право како и предвидена судска постапка во Атина.

Карактеристика за правото во времето на државата на Филип II и Александар III Македонски било тоа што правниот систем бил комбинација од сите правни системи дотогаш. Тие дозволувале поединечните постапки на поробените народи да се одвиваат согласно нивните дотогашни правни системи што од една страна овозможувало полесно да го прифатат новиот систем на управување а од друга страна да имаат доверба во правниот систем.

Стариот век отприлика се заокружува со правото кое важело во државата на старите Римјани познато како римско право. Основен белег на ова право е што за првпат робовите добиле можност да имаат свој имот, бракот да се заснова само на волјата на оние кои го склучуваат а жените добиваат право на старателство врз децата.

## 3. ПРАВОТО И ДРЖАВАТА ВО СРЕДНИОТ ВЕК

Средниот век се идентификува со феудализмот кој претставува доминантен облик на производство во тој период. За средниот век карактеристично државно уредување претставува монархијата. Во монархијата доминантна е улогата на монархот (крал, цар) кој својата моќ ја добива од се помоќната институција- христијанска црква.

Основа на односот помеѓу правото и државата во средниот век било византиското право кое во својата суштина ја имало желбата да создаде право кое ќе се користи во многу области дури и надвор од Византија притоа секогаш трудејќи се да нема големи промени во правилата содржани во ова право. Византиското право во себе вклучувало: граѓанско право, стварно право, облигационо право, брачно и семејно право, наследно право, кривично право и дефинирана судска постапка.

Правото во средновековната арапска држава пред се е базирано на верски учења и догми. Типичен пример за тоа е т.н. Шеријатско право според кое и правото и власта доаѓаат од ист извор и се наоѓаат во божји раце. И ова право содржи: граѓанско право, облигационо право, брачно и семејно право, наследно право, кривично право како и воспоставено судство и судска постапка.

Средниот век го одбележува и т.н. Германско право. Главна карактеристика на ова право е тоа што врз сторителот на прекршокот се применувало правото на подрачјето каде е роден а не правото на местото каде е сторен прекршокот. Ова го претставува персоналниот принцип на примена на правото.

За Англиската средновековна држава најзначаен документ е MAGNA CARTA LIBERTATUM. Оваа голема повелба за слободите претставува практично и првиот уставен акт не само во Англија туку и во целиот свет. Производ на сето ова е Англиското право кое претставува скелетот на англиската држава. Ова право наоѓа своја примена и денес.

## 4. СОВРЕМЕНО ПОИМАЊЕ НА ПРАВНАТА ДРЖАВА

Модерната држава е правна држава која е создадена по буржуаските граѓански револуции и која и денес се надоградува. Во современиот концепт на правна држава човекот како поединец и вредност за себе се наоѓа во средиштето на државата. Во правната држава поединецот како личност покрај правните субјективни права стекнати уште од времето на полициската држава има и јавни субјективни права што е основа за преобразбата на поединецот од статус на поданик во статус на граѓанин. Модерната правна држава гарантира три групи на субјективни јавни права: 1. Право на слобода од власта 2. Право на учество во власта и 3. Економски, социјални и културни права надополнети со т.н право на социјална помош од државната власт.

Основен предуслов за остварување на правната држава е демократијата. Демократијата пак е незамислива без постоење на конкуренција, односно без постоење на позиција и опозиција, и плуралистички политички систем.

Во правната држава најважните правни одлуки се во надлежност на уставотворецот и законодавниот орган.

Начелото на законитост дефинитивно го дефинира меѓусебниот однос меѓу правото и модерната држава. Ова начело претставува усогласеност на сите елементи на хиерархиски поставениот правен поредок со законот. Ова начело подразбира потчинетост на пониските државен орган пред волјата на повисокиот. Аналогно ова начело важи и за поединечните правни акти кои се разбира дека мора да бидат во согласност со општите правни акти а пред се со Уставот на државата. Почитувањето на овој однос е задолжително за тоа што доколку овој однос се наруши тогаш се работи за незаконитост и противуставност. Зачувувањето на начелото на уставност при донесувањето на законите од страна на законодавниот дом на една држава претставува еден од основните предуслови за постоење на правна држава. Начелото на уставност во работењето на законодавниот дом фактички значи негово правно ограничување односно реализација на идејата за уставна демократија.
Секоја држава се стреми да воспостави институција која ќе се грижи за уставниот поредок и ќе биде главен заштитник на Уставот. Во најголем дел од државите таа институција е Уставниот суд.

## 5. ЗАКЛУЧОК

Државата и правото се развивале паралелно. Како што растела и евалуирала државата се повеќе и било потребно да напредува и да се развива правниот систем. Од само обичајни правила во првобитната заедница до модерен правосуден систем во модерната држава. Така се движел развојот на државата и правото. Историската наука била таа која тој пат го документирала и го оставала во наследство на идните генерации. Со текот на времето се издвоила и посебна правна дисциплина позната како општа правна историја која со еден збор имала задача да ги открива и дефинира законските тенденции во развитокот на правото кои се значајни не само за државата туку и за развојот на нејзиниот правен систем.

**ЛИТЕРАТУРА**

[1] Ј. Кекеновски, Наука за политика,стр.160-217, Скопје,2004.
[2] Т. Чокревски, Социологија на право стр. 41-77, Скопје 2001.
[3] Ѓ.Тоновски, Меѓународни односи, стр.120, Скопје 2004.